ОРЦЕ НИКОЛОВ
Ј.У.О. ДЕТСКА ГРАДИНКА

| | |
|---|---|
| Датум: | 06.05.2020 |
| Тема: | **Што е тоа зебра, семафор? Сообраќајни знаци** |

**Возрасна група: 4-6 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Детето може да слуша и разбира говорен јазик<br>- Детето може да зборува и да комуницира<br>- Детето стекнува информации за средината преку набљудување и манипулација |
| Цел на активноста: | - Да се развива способноста за слушање со внимание<br>- Да се воведува во користење на говорот како средство за изразување на своите мисли, чувства, доживувања<br>- Да се потикнуваат одредени претстави и поими од областа на сообраќајната култура и современата техника и технологија на комуникацијата |
| Активност | **Крстосница** |
| Опис на активноста | За денес заедно со нас ќе имате задача да го запознаете детето со правилата во сообраќајот, така што најпрво ќе му ги прочитате зададените слики, разговарајте за секоја од нив, па потоа дозволете му на детето да ви раскаже што запомнило (научило). |






---




Втора активност бидејќи веќе децата се запознаа со правилата во сообраќајот, крстосницата, сообраќајните знаци изработете заедно крстосница. Користете тврд картон кои ќе ви служи како подлога на него нацртајте пат, поставете знаци, пешачки премин.

Пријатна забава!

| | |
|---|---|
| Потребни материјали | картон, листови, фломастер, траки |
| Прикачување на слика, линк, или видео |  |

**Возрасна група: 3-4 години**

| | |
|---|---|
| Стандард: | - Детето демонстрира знаење за количина, бројки и броење<br>- Детето стекнува информации за средината преку набљудување и манипулација |
| Цел на активноста: | - Да се поттикнува способноста за користење на математиката во опкружувањето<br>- Да се создадат основни претстави од областа на сообраќајната култура и современата техника и технологија на комуникацијата |
| Активност | **Сообраќајни знаци и правила** |
| Опис на активноста | Денес децата ќе ги воведеме во правилата на сообраќајот, како треба да се однесуваат, почитување на сообраќајните знаци и пешачкиот премин. Но за да ги воведеме децата во сообраќајните знаци ајде првин да ги повториме формите. Како прва активност дозволете им на децата да разгледаат околу нив и да ви најдат предмети кои се во форма на круг, квадрат и триаголник, а потоа на бел лист нацртајте им ги истите тие форми.<br> |

| | |
|---|---|
| | Одиме понатака следно имате за задача да им ги покажете на децата следниве слики а тие треба да ви кажат што е правилно а што не , дали на дадените слики децата ги почитувале правилата во сообраќајот.<br>Разговарајте кои сообраќајни знаци ги познаваат потоа покажете им ги и објаснете ги.<br>На веќе предходно направените форми децата нека нацртаат сообраќајни знаци<br> <br>  |
| Потребни материјали | Бели листови, фломастери, цевки или шпатули<br><br> |

| | |
|---|---|
| Прикачување на слика, линк, или видео |   |

**Возрасна група: 2-3 години**

| Стандард: | Детето може да научи нови работи и да стекне нови искуства<br>Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност |
|---|---|
| Цел на активноста: | - Да се поттикнува интерес на детето за откривање нови нешта во однос на оние кои веќе се познати<br>- Да се поттикне интересот кон запознавање и користење на различни ликовни и останати материјали |
| Активност | **„Оп, оп стоп семафор“** |
| Опис на активноста | Започнете ја активноста така што од детето побарајте да ви набројат по 5 работи кои ги опкружуваат, а ја имаат црвената, жолтата и зелената боја. Потоа прочитајте им ја стихотворбата за семафор и заедно разгледајте ги сликите. Запознајте ги децата со најзначајниот сообраќаен знак и што се треба да знаат за правилно да ја помината улицата. Откако ќе го запознаете детето со семафорот дозволете му користејќи нај различен материјал да изработи семафор. |
| Потребни материјали | Најразличен рециклирачки материјал, бела хартија, хартија во боја, лепило, фломастери |

| | |
|---|---|
| Прикачување на слика, линк, или видео |  |

| | |
|---|---|
| |  |

**Возрасна група: 0-2 години**

| Стандард: | Детето демонстрира интерес за учество во разни форми на визуелна креативност |
|---|---|
| Активност | **„Воочување на бои“** |
| Опис на активноста | Во прозирна фолија (папка) ставете малку црвена, жолтата и зелената боја, и залепете го крајот. Дозволете му на детето да си игра и да истражува, а воедно да воочува бои |
| Потребни материјали | Прозирна папка (фолија) темперни бои, селотејп |

| | |
|---|---|
| Прикачување на слика, линк, или видео |    |